# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**2695.**

Врз основа на член 163 став 2 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија” бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12 и 42/14), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТРАЕЊЕТО НА НЕПРЕКИНАТАТА РАБОТА, ТРАЕЊЕТО НА СМЕНИТЕ И ДОЛЖИНИТЕ НА ДНЕВНИОТ ОДМОР НА КОНТРОЛОРОТ НА ЛЕТАЊЕ И ПОМОШНИКОТ НА КОНТРОЛОРОТ НА ЛЕТАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за траењето на непрекинатата работа, траењето на смените и должините на дневниот одмор на контролорот на летање и помошникот на контролорот на летање („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/09) во членот 6 став 2, зборот „шест” се заменува со зборот „четири“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.02-585/6
11 јуни 2014 година
Скопје

Директор на Агенција
за цивилно воздухопловство,
д-р **Дејан Мојсоски**, с.р.

---

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2696.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14), како и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13), постапувајќи по барањето на Друштво за трговија, производство и услуги ФИЛТЕКО СОЛАР ДООЕЛ Скопје, за издавање на лиценца за производство на електрична енергија, на седницата одржана на 16.6.2014 година, донесе

## О Д Л У К А ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштво за трговија, производство и услуги ФИЛТЕКО СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Јуриј Гагарин“ бр.51/15 Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија во фотонапонска електроцентрала ФВЕЦ „ФИЛТЕКО СОЛАР“.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија“, кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 07-54/14
16 јуни 2014 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

**Прилог 1**

## Л И Ц Е Н Ц А ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Друштво за трговија, производство и услуги ФИЛТЕКО СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Јуриј Гагарин“ бр.51/15 Скопје

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата**

16.6.2014

**4. Датум на важење на лиценцата**

16.6.2049

**5. Евидентен број на издадената лиценца**

ЕЕ – 183.01.1/14

**6. Број на деловниот субјект – 6788424**

**7. Единствен даночен број – 4057012517480**

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во фотонапонска електроцентрала, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

**9. Локација на вршење на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во фотонапонска електроцентрала „ФИЛТЕКО СОЛАР“ на КП бр. 1226/12 КО Демир Капија, Општина Демир Капија.

**10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.